Цивика мобилитас денес го објави првиот повик за институционални грантови кои им се наменети на граѓанските организации.

CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

Институционалните грантови на Цивика мобилитас го поддржуваат процесот на институционален развој / организациско јакнење на избраните грантисти.

Пријавите за овој повик се поднесуваат преку формуларот за пријавување, а сите обрасци се достапни на http://civicamobilitas.mk/mk/komponenti/2/cm-ins-01/formulari

Големината на грантовите на годишно ниво ќе биде помеѓу 15.000 и 40.000 швајцарски франци по грант. Заинтересираните може да ги испратат своите прашања по писмен пат на адресата: poddrska@civicamobilitas.mk , најдоцна до 10.01.2015 г. **Краен рок за поднесување на пријавите е 26 јануари 2015 г., до 16 часот** до кога треба да бидат примени сите пријави.

Цивика мобилитас ќе одржи неколку информативни сесии за овој повик, во периодот од 15-19.12.2015 година и тоа во: Струмица (15), Штип (16), Скопје (17), Битола (18) и Гостивар (19). Конечниот распоред како и времето на одржување на сесиите ќе биде објавен на http://civicamobilitas.mk/mk/komponenti/2/cm-ins-01/info-sesii . Следете ја веб-страницата на Цивика мобилитас и информирајте се за евентуалните промени.

Програмата за поддршка на граѓанското општество Цивика мобилитас е поддржана од Швајцарската агенција за развој и соработка, а ја спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (СИПУ).